Телефон: ++389 (0)2 5511711
Факс: ++389 (0)2 3060651
E-mail: kultura@novamakedonija.com.mk




# Споменици и скулптури - премногу интервенции во единица време

Скулптури за облагородување на просторот заслужиле и скопските маала, а не само центарот на градот, велат поддржувачите на иницијативата на Министерството за култура за поставување 35 скулптури на домашни уметници во централното градско подрачје.

- Скулптурите треба да се дисперзираат. Многу би било интересно скулптури да се поставуваат и во скопските маала со што ќе им се даде повеќе содржина и на овие простори. Маалскиот живот е трејдмарк на Скопје. Така ефектот ќе биде поголем. Тоа е, меѓу другото, и во духот на децентрализацијата на културата - вели уметникот **Ѓорѓе Јовановиќ**, кој освен богатото авторско искуство зад себе има учество и на неколку трибини и јавни дебати за јавниот простор.

Јавните простори, оние градските, кои се во сопственост на локалната или централната власт, во изминативе дваесетина транзициски години беа изложени на промени, не секогаш позитивни, поради недостиг од адекватна и добро стратегиски разработена урбана политика.

Можеби затоа овој зафат на Министерството за култура за урбано збогатување на содржината на центарот, несреќно совпадната со иницијативата на општината Центар за поставување 20 историски споменици во централното градско подрачје, предизвика многубројни полемики во јавноста, професионална и обична, затечена од преголемиот број интервенции од ваква природа во единица време.

- Скулптурите беа избрани транспарентно на отворен домашен конкурс. За изборот на делата одлучуваше стручна комисија, чиј претседател беше архитектот **Митко Хаџи Пулја**, а членови скулпторите **Васил Василев** и **Гоце Наневски**. Беше организирана и прес-конференција на која беа изложени макети од избраните скулптури, преку кои јавноста можеше да се запознае со изгледот на делата кои ќе се поставуваат во центарот на Скопје - велат од Министерството за култура, отфрлајќи ги забелешките на стручната јавност за нетранспарентноста на оваа интервенција.

**Затечена од преголемиот број зафати во јавниот простор, јавноста реагира - скулптурите, по првичното неприфаќање, веќе се примаат како составен дел на центарот на градот, но најавата на општината за поставување на историски споменици и натаму предизвикува полемики**

Архитектите предупредија дека за вакви зафати во јавниот простор е неопходна демократска постапка што ќе отвори професионални дебати.

- Не само за архитектурата, туку и за секоја друга интервенција во јавниот простор граѓанинот мора да дознава непосредно - изјави **Минас Бакалчев**, професор на Архитектонскиот факултет, кој е скептик дали ваквите масовни акции можат навистина да резултираат со квалитет.

Иницијативата на Министерството за култура за поставување 35 скулптури во централното градско подрачје, која по првичното неприфаќање, сега наидува на поддршка, во јавната критика стана жртва на идејата на општина Центар за изградба на споменици на историски личности. Спомениците, пак, особено поради најавите за грандиозноста на некои од нив, предизвикуваат уште посилни бранувања во јавноста.

- Неопходна е опстојност во пристапот за осмислување на јавниот простор и системско промислување на секој од новопоставените споменици - коментираат познавачите на организацијата на јавниот простор.

Уредувањето на јавниот простор, како предмет на заедничко користење на граѓаните, мора да биде резултат на соработка помеѓу институциите на централната и на локалната власт, независната културна сцена, уметничките групи, архитектите. Промената на физиономијата на градот секогаш е одраз на времето што го живееме и на колективниот дух, кој владее во него. А, историските споменици, како своевидна автобиографија на една средина, пак спаѓаат во специфичната сфера на ревреднувањето, бришењето и поправањето на историјата. Затоа, и предизвикуваат толку бранувања.

**В.Д.**